**ДИСЦИПЛИНСКИОТ СОВЕТ ПРИ НОТАРСКАТА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА,** во совет составен од Весна Дончева, претседател на советот, Александар Цацков, Лидија Рибарева, Илир Сулејмани и Ацо Колевски, членови на советот, со записничар Тања Илиќ, во дисциплинската постапка против нотарот Б.С од С., по одржаната расправа согласно член 18, 21 и 22 став (1) од Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка на Нотарската комора на Република Северна Македонија, во присуство на нотарот, на ден 16.12.2021 година, го донесе следното

# Р Е Ш Е Н И Е

Нотар Б.С од С., **виновен е** за сторена дисциплинска повреда од член 139 став (1) алинеја 5) од Законот за нотаријатот, поради тоа што на ден 12.07.2021 година, под ОДУ бр. ооо/2021 составил нотарски акт – Изјава за уредување на правата и обврските на потписниците на меницата, помеѓу Халк Банка АД С., преку полномошник Р.А., како трасат и Друштвото за производство, трговија и услуги Х.Х. увоз-извоз с.К. како тарасант-акцептант преку управител Х.Х.како емец-авалист, А.Б. како емец-авалист и А.Н. како емец-авалист, кој нотарски акт се состои од повеќе страници, при што на секоја страница од нотарскиот акт и на крајот од изворникот на нотарската исправа но над потписот на нотарот, ниту е потпишан ниту рачно е напишано името и презимето на полномошникот на Халк Банка АД С. – Р.А., што не е во согласност со член 40 став (2) и 65 став (1) точка з) од Законот за нотаријатот, поради што се казнува со дисциплинска мерка – **јавна опомена.**

## О б р а з л о ж е н и е

Во предлогот на Министерство за правда за поведување на дисциплинска постапка бр. 09-1968/8 од 25.08.2021 година, се укажува дека именуваниот нотар постапувајќи на начин опишан во диспозитивот на решението сторил дисциплинска повреда по член 140 став (1) алинеја 12) од Закон за нотаријатот, со предлог да биде изречена соодветна дисциплинска мерка.

Во текот на дисциплинската постапка именуваниот нотар во својата одбрана, изнесена во поднесокот доставен до Нотарската комора на ден 20 и 22.9.2021г. и усно на расправата, наведе дека предлогот за поведување на дисциплинската постапка е неоснован. На ден 15.7.2021г. од страна на овластена Комисија на Министерството за правда е извршен надзор над работење на нотарската канцеларија при што не се констатирани повреди на законот. Во досегашната нотарска практика претставниците на Банките не секогаш се потпишуваат на истиот ден при составување на актот, туку тоа го прават подоцна, каков што е и конкретниов случа,ј кога полномошникот на Банката дополнително се потпишал на актот. Со таквото постапување не е предизвикана никаква штета за учесниците во нотарскиот акт. Наведе дека против него досега не е водена дисциплинска постапка.

**Со одговорот е приложена фотокопија на предметот ОДУ бр.оо;**

Во текот на дисциплинската постапка, врз основа на оцена на наводите од Предлогот за поведување на дисциплинска постапка, одбраната на нотарот и на изведените докази, Дисциплинскиот совет наоѓа дека именуваниот нотар е виновен за сторена дисциплинска повреда од член 139 став (1) алинеја 5) од Закон за нотаријатот – „непридржување кон законските одредби во однос на формата на нотарската исправа“ („Сл. весник РМ“ бр. 72/16,142/16 и 233/18).

Ова поради тоа што при вршењето на нотарската служба на ден 12.7.2021г., под ОДУ бр.ооо/2021, нотарот составил нотарски акт – Изјава за уредување на правата и обврските на потписниците на меницата, помеѓу Халк Банка АД С., преку полномошник Р.А., како трасат и Друштвото за производство, трговија и услуги ДБГ Дооел увоз-извоз с.К., како трасант-акцептант преку управител А.Д., А.Д.како емец - авалист, А.Б. како емец-авалист и А.Н. како емец-авалист, кој нотарски акт се состои од шест страници, при што на секоја страница од нотарскиот акт и на крајот од изворникот на нотарската исправа, но над потписот на нотарот, ниту е потпишан ниту рачно е напишано името и презимето на полонмошникот на Халк Банка АД С. – Р.А.. Дополнително, со подавката доставена од страна на нотарот на ден 22.9.2021г., доставена е фотокопија на изворникот на нотарскиот акт ОДУ бр. ооо/2021 од 12.7.2021г., кој е потпишан од страна на полномошникот на Халк Банка АД С. - Р.А..

При ваквото утврдување, според наоѓањето на Дисциплинскиот совет, именуваниот нотар при составување на нотарскиот акт ОДУ бр. ооо/2021, постапил спротивно на член 40 став (2) од Закон за нотаријатот, според кој на крајот од изворникот на нотарската исправа, но над потписот на нотарот, со потпис и рачно напишано име и презиме се потпишуваат сите учесници кои учествувале при составување на нотарската исправа. Доколку нотарскиот акт се состои од повеќе страници, нотарот и учесниците ја потпишуваат или парафираат секоја страница од нотарската исправа, а според член 65 став (1) точка з) нотарскиот акт треба да содржи потпис на сите учесници, а на крајот потпис и печат на нотарот. Според утврденото именуваниот нотар, при составување на наведениот нотарски акт, не постапил согласно со цитираните законски одредби.

При утврдување на правната квалификација на сторената дисциплинска повреда, Дисциплинскиот совет се раководи со член 25 став (1) од Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка, според кој Дисциплинскиот совет не е врзан за предлозите на подносителот на предлогот за поведување на дисцилинска постапка, во поглед на правната оцена на дисциплинката повреда. Имено, според наоѓањето на Дисциплинскиот совет, во конкретниов случај, нотарот ја има сторено дисциплинската повреда од член 139 став (1) алинеја 5) од Законот за нотаријатот – „непридржување кон законските одредби во однос на формата на нотарската исправа“, а не и повредата опфатена со член 140 став (1) алинеја 12) од истиот закон, на која се укажува во Предлогот за поведување на дисциплинската постапка.

При ваквото утврдување Дисциплинскиот совет ја ценеше изнесената одбрана на нотарот, меѓутоа оцени дека истата е неоснована. Предното поради тоа што напредцитираните законски одредби се наполно јасни и не создаваат никакви дилеми при нивното толкување, а со тоа нивната примена при составување на нотарскиот акт. Врз ова прашање е без влијание фактот дека дополнително полномошникот на Халк Банка АД С. – Р.А. го потпишал изворникот на нотарсиот акт во согласност со цитираните законски одредби.

При одмерување на дисциплинската мерка Дисциплинскиот совет ги ценеше околноститеод член 23 став (1) од Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка, кои се од влијание врз видот и висина на казната. При тоа, Дисциплинскиот совет го имаше предвид фактот дека нотарот досега не е дисциплински казнуван, дека нема доказ на учесниците во постапката во нотарскиот акт ОДУ бр. 314/2021 од 12.7.2021 година да е причинета штета, дека дополнително е исправен сторениот пропуст во поглед на потпишување на нотарскиот акт, поради што е изречена дисциплинска мерка – јавна опомена согласно со члена 139 став (1) од Законот за нотаријатот.

Дисциплинскиот совет очекува дека изречената дисциплинска мерка – јавна опомена, воспитно ќе влијае врз нотарот во иднина да не ја повтори воочената грешка и дека своето работење ќе го усогласи со Закон за нотаријатот и подзаконските акти врз основа на кои ја врши нотарската служба.

Поради наведеното е одлучено како во диспозитивот на решението согласно член 24 став (2) алинеја 3) од Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка на Нотарската комора.

**Претседател на советот,**
**Весна Дончева**

ПРАВНА ПОУКА:против решението може да се изјави жалба до Второстепениот дисциплински совет во рок од 8 дена по приемот на истото;

ДН: Нотарот;
Архивата;
По конечноста до Министерство за правда;